ЗАПИСНИК
од VI-тата редовна седница на Надзорниот Одбор на
Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Седницата е одржана на ден 08.06.2018 година (Петок) во 17,00 часот во административните канцеларии на Друштвото во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ на бул.8-ми Септември бр.13 во Скопје со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записник од V –тата редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
2. Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година)
3. Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година
4. Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на Годишната сметка за 2017 година
5. Разгледување на ревизорскиот извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО Прилеп
6. Достава на Насоки за добро управување на избрани и именувани лица / обраќање од Премиерот
7. Разно

Присутни :
- Г-дин Марковски Мишо
- Г-дин Трајковски Стефан и
- Г-дин Галетановски Ѓорѓи .

На седницата беа присутни раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска и раководителот на секторот за општи и правни работи на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје Роберта Теова во својство на записничар.

1.Претседателот ја отвори седницата и го стави на расправа предложениот дневен ред.
По усвојувањето на дневниот ред, Претседателот ја стави на расправа првата точка од дневниот ред : Усвојување на записник од V – тата редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје.

Претседателот го прочита добиениот Записник и сите членови едногласно донесоа одлука за усвојување на истиот.

2.Претседателот ја стави на расправа втората точка на дневниот ред: Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година)

По разгледувањето на доставениот Полугодишен финансиски извештај на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година), членовите поединечно ги разгледаа сите предочени ставки изготвени од стручните служби на Друштвото.

Претседателот укажа дека во извештајниот период Друштвото остварило зголемени приходи од својата дејност во износ од 846.062,00 денари и приходи од наемнини зголемени во апсолутен износ 2.982.627,00 денари.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање до раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска како е постигнато зголемувањето на приходите од закупнини за скоро три милиони.
Раководителот одговори дека сите деловни простори во комплексот на Спортскиот Центар се издадени под закуп што не е случај во 2016 година, па оттука и зголемувањето.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање зошто приходите од издавање на Арената бележат намалување во апсолутен износ од 1.688.411,00 денари.
Раководителот Рената Стоилковска објасни дека Вип Арената е максимално искористена и сите термини се пополнети, но согласно добиените поединечни укажувања од единствениот основач на Друштвото – Влада на Република Македонија – спортски и културни активности кои се од јавен интерес се дадени на користење без надомест.

Галетановски Ѓорѓи постави прашање зошто приходите од користењето на Пливачкиот базен во комплексот бележат намалување во апсолутен износ од 1.323.711,00 денари.
Раководителот Рената Стоилковска одговори дека потребата од повеќекратно целосно менување на водата во базените од кое произлегува повеќедневно затворање на објектот доведе до ова намалување.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање од што е зголемена амортизацијата во висина од 7.326.149,00 денари.
Раководителот Рената Стоилковска одговори дека согласно одредбите на МСС 20 за основните средства е користен методот на одложен приход т.е. од добиената поддршка за основното средство како приход се признава само делот на пресметаната амортизација на тоа средство од каде од страна на овластените проценители произлезе зголемување на вредноста на сопственоста на Друштвото од страна на овластените проценители.

Галетановски Ѓорѓи постави прашање од што се зголемени потрошните материјали.
Раководителот Рената Стоилковска одговори дека иако навидум изгледаат како зголемени тие не се зголемени затоа што е сменет само начинот на книжење поточно контото на кое се внесува трошокот.Контото одржување на основни средства е намалено за исто толку колку што е зголемено контото на потрошни материјали.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .

Бидејки никој не се јави за збор а врз основа на обврската дадена во член 249 ст.2 од Законот за трговските друштва Претседателот го стави на гласање доставениот предлог полугодишен финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година) и предлог заклучокот за оценка на полугодишниот финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година).

Именуваните членови на надзорниот одбор врз основа на разгледаните предочени ставки изготвени од стручните служби на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје едногласно одлучија да поднесат извештај за оценување на полугодишниот финансиски извештај на работата на Друштвото (сметано од 01.07.2017 година до 31.12.2017 година) и донесат заклучок со кој позитивно истиот го оценија и кои ќе ги достават до единствениот основач на Друштвото-Република Македонија претставувана од Влада на Република Македонија.
Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори расправата по втората точка од дневниот ред.

3.Претседателот ја стави на расправа третата точка на дневниот ред: Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година

Претседателот на надзорниот одбор ја започна расправата по оваа точка од дневниот ред предлагајќи точката под реден број 3: Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година, точката под реден број 4: Разгледување, оценување и донесување на ЗАКЛУЧОК за оценка на Годишната сметка за 2017 година и точката под реден број 5: Разгледување на ревизорскиот извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО Прилеп согласно целисходнсоста да се разгледуваат паралелно и во една точка со што членовите едногласно се согласија.

Претседателот на надзорниот одбор и даде воведен збор на Рената Стоилковска, раководител на секторот за финансии и сметководство ја започна расправата читајќи ги сите ставки од поднесената годишна сметка за 2017 година: биланс на состојба, биланс на успех како и државната евиденција. При тоа го потврди порастот на приходи, намалената загуба како и текстуалниот дел, водењето на сметководствените политики и активностите во 2017 година.
Потоа го прочита доставениот предлог извештај за разгледување, оценување и предлог ЗАКЛУЧОК-от за оценка на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година и предлог извештајот за оценка на Годишната сметка за 2017 година.

Раководителот на секторот за финансии и сметководство на Друштвото - Рената Стоилковска укажа дека во прилог на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година е доставена и аналитичка картичка од Благајна за 2017 година.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање што планира раководниот тим на Друштвото во следната година како би се подобрил финансискиот резултат.
Раководителот одговори дека финансискиот резултат во 2018 година драстично нема да може да биде подобрен бидејќи на комплексот му е потребна реконструкција и санација на санитарни јазли, промена на дотрајаните основни средства како и набавка на нов семафор за одржување на спортски натпреври. Со самото ова како раснат приходите ќе се зголемуваат и расходите од работењето на Центарот. Резултатот од ова ќе се осети во 2019 година кога планираме салата да има само тековно одржување без поголеми инвестиции. Исто така од 15.02.2018 година намален е и приходот од Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје согласно Договорот за деловна соработка/брендирање.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .

Бидејки никој не се јави за збор а врз основа на обврската дадена во член 249 ст.2 од Законот за трговските друштва Претседателот ги стави на гласање доставениот предлог Финансиски извештај на работата на Друштвото за 2017 година и предлог заклучокот за оценка на финансискиот извештај на работата на Друштвото за 2017 година, предлог извештајот и заклучокот за оценка на Годишната сметка за 2017 година, предлог - текстот на одлуката за покривање на искажаната загуба за дел од 2010 година, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2017 година на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје и предлог Одлуката за усвојување и одобрување на ревизорскиот извештај за финансиското работење на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2017 година изготвен од независниот ревизор изготвен од независниот ревизор Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО Прилеп.

Именуваните членови на надзорниот одбор еднogласно ги донесоа доставените предлози.

Бидејки никој не се јави за збор претседателот го задолжи раководителот на секторот на општи и правни работи во Друштвото - Роберта Теова на следната седница на Надзорниот одбор да ги достави заклучоците на Владата на Република Македонија во својство на единствен основач на Друштвото и ја затвори расправата.

6.Претседателот ја стави на расправа шестата точка на дневниот ред: Достава на Насоки за добро управување на избрани и именувани лица / обраќање од Премиерот

Претседателот и даде збор на Роберта Теова, на оваа седница присутна во својство на записничар а вработена како раководител на секторот на општи и правни работи во Друштвото, која укажа дека врз основа на Извадокот од Нацрт – записникот од Шеесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.3.2018 година, Бр.44-3570/1, Друштвото имаше обврска Обраќањето од Премиерот да го достави до сите членови што е сторено по електронски пат, поединечно на секој член. На оваа седница во доставените материјали се доставува материјалот во печатена форма.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави прашање .

Бидејки никој не се јави за збор претседателот ја затвори седницата .

Записничар
Теова Роберта

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Г-дин Марковски Мишо